**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Арх. бр. 02-2978/2
9.11.2021 година
Скопје

# УПАТСТВО

## за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Стоматолошки факултет- Скопје во учебната 2021/2022

## I. КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ И ПРЕТСЕДАТЕЛ ВО ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири по предлог на студентите на Собири на студенти.

Собири на студенти ќе се организираат со студенти запишани на студиски програми на Факултетот и тоа од:

- I, II, III, IV и V- та студиска година од студиската програма за доктори по дентална медицина,
- студиската програма за стручни забни техничари,
- студиска програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози,
- студиска програма за постдипломски и докторски студии.

Собирите ќе се одржат електронски со користење на платформата Microsoft Teams, а денот и часот на организирање на собирите, пред нивното одржување се соопштува преку објава на веб страната на Факултетот.

На собирите можат да присуствуваат, да прелагаат и да бидат предложени студенти кои запишале зиски семестар во учебната 2021/2022 година.

За студиската програма за доктори по дентална медицина каде собирите се организираат по години ќе се смета дека студентот е запишан во студиската година од која се слуша најголем број предмети. Во случај на еднаков број на предмети од две студиски години припадноста во студиската програма ќе се определува според бројот на кредити од предметите кои се запишани во зимскиот семестар (студентот припаѓа во студиската година од која вкупниот број на кредити е поголем. Во случај на ист број на кредити студентот ќе припадне во погорната година). Студент кој припаднал во еден собир може да предлага студенти за кандидати за членови на ФСС кои се наоѓаат во истиот собир, освен кандидатот за претседател кој може да припаѓа на друг собир.

Кандидатот за Претседател на студиското собрание може да биде студент кој ги положил сите испити заклучно со трети семестар до датумот на предлагање, односно кандидирање за претседател.

Факултетско студиско собрание го сочинуваат претставници од студенти и тоа:

-од студиска програма за доктори по дентална медицина- 6 (шест)
-од студиска програма за стручни забни техничари – 2 (два)
-од студиска програма за стручни стоматолошки сестри- орални хигиенолози 1 (еден) ,
-од студиска програма од постдипломски и докторски студии- 1 (еден)

На секој од собирите студентите предлагаат минимум 2 (два) кандидати за членови на Факултетското студентско собание, освен на собирот за стручни забни техничари каде се предлагаат минимум 3 (три ) кандидати.

На собирите студентите предлагаат и кандидат/кандидати за претседател на Факултетското студентко собрание.

Кандидатите за членови во Факултетското студентско собрание и претседател на Факултетското студентско собрание на студенти ги утврдува Изборна комисија формирана од Деканот на Факултетот со Одлука со која се распишуваат изборите.

Членовите на Изборната комисија се членови на секој собир. Член може да биде и координаторот наставник, кој може да ја објасни целта на организацијата на собирот, да ги поздрави студентите, а потоа работата да ја препушти на изборната комисија.

*На организираните собири на студенти, студентите предлозите ги даваат усмено. Собирот е јавен и секој може да го следи кој кого го предлага. Предложениот студент за кандидат за член или претседстел на ФСС веднаш треба да се изјасни дали се согласува со кондидатурата. Доколку истиот не е присутен може може согласноста да ја достави до Изборната комисија во рок од 24 часа на следниот маил адреса:*
Izbornakomisija@stomfak.ukim.mk

Доколку отсутниот од собирот, а предложен студент за кандидат или претседател на ФСС не испрати согласност во утврдениот рок ќе се смета дека не е предложен за кандидат.

Изборната комисија на собирот врз основа на списоци доставени од службата за студентски прашања утврдува дали предложените кандидати ги исполнуваат предвидените услови, односно дали студентот предложен за член на ФСС или запишано зимски семестар во учебната 2021/2022, дали е запишан на соодветната студиска програма и дали припаѓа на студиската година на која се однесува организираниот собир, а за кандидатот за претседател на Факултетското студиско собрание врши проверка преку студентски прашања и дали ги има положено сите предвидени испити заклучно со трети семестар до датумот на предлагање, односно кандидирање за претседател.

Предложените кандидат за член, неможе да биде воисто време предложен за Факултетско студентско собрание.

Изборната комисија изготвува записик за секој одржан собир. Во записникот се констатира текот на собирот, студентот кој дал предлог, студентите ки се предложени, исполнетост или неисполнетост наусловите ки треба да ги имаат предложените студенти со конслутација за тоа кои кандидати се утврдени, како и дали во рок од 24 часа е доставена согласност од отсутен, а предложен кандидат на собирот.

По одржување на сите собири на студенти, Изборната комисијаврз основа на записниците од одржаните собири донесува Одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината и студиска програма. Одлуката на Изборната комисија е конечна и се објавува на веб страната на факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

## II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни фер и демокраски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право на уште еден избор.

Изборите ќе се спроведат со електронско гласање преку платформа која ја обезбедува тајноста на гласањето, а која ќе биде раководена и одржувана од Факултетот за електротехника и информациски технологии на **9.12.2021** година со почеток од 9:00 часот до 15 часот.

На тајното гласање од утврдените кандидати ќе се гласа за:

Членови на ФСС и тоа:

-од студиска програма за доктори по дентална медицина- 6(шест)
-од студиска програма за стручни забни техничари 2 (два)
-од студиска програмаза стучни стоматолошки сестри – орални хигиенолози 1 (еден)
-од студиска програма од постдипломски и докторски студии 1 (еден)
и за избор на 1(еден) претседател на ФСС од утврдените кандидати со Одлука на Изборната комисија.

Секој студент кој запишал зимски семестар во учебната 2021/2022 година има право да гласа преку неговата електронска адреса Iknow системот.

Според структурата на Факултетско студентско собрание, студентите можат да гласаат најмалку за еден а најмногу за:

6 (шест) кандидати од студиската програма за доктори по дентална медицина,

2 (два) кандидати од студиската програма за стручни забни техничари,

1 (еден) кандидат од студиската програма за стручни стоматолошки сестри- орални хигиенолози

1 (еден) кандидат од студиски програми од постдипломски и докторски студии,

1 (еден) кандидат за претседател на Факултетско студентско собрание.

За избрани членови на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале за  што Изборната комисија донесува Одлука.

За избран претседател на Факултетското студентскособрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале за што Изборната комисија донесува Одлука.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Едвард Јанев- член, с.р

2. Проф. д-р Кристина Митиќ – член, с.р.

3. Муниса Селим – претседател, с.р.

4.Валентина Сотирова – член, с.р.

5.Ангелина Вапска – член, с.р.